## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од продолжението на 91-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,15 часот.

На седницата претседаваше г. Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 91-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со општиот претрес.

Има збор Абдурахман Алити. (не е тука)

Томислав Стојановски (не е тука)

Ризван Сулејмани (не е тука)

Александар Пандов (не е тука)

Томислав Петровски (не е тука)

Дали некој друг се јавува за збор? (никој)

Бидејќи никој друг не се јавува за збор...

За збор се јави г. Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, јас се јавив деловнички.

Ние сме само 15-16 пратеници во салата овде, еве потврдуваат и од спротивната страна дека е така, од овие колеги што ги прочитавте за дискусија јас лично три-четворица видов во фоајето слекуваат палта итн., дозволете им барем да дојдат, барем овие што се пријавени...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој, кој?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ризван Сулејмани, Јани е тука. Господинот Јани Макрадули беше во салата и картицата му е ставена. Излезе човекот до ВЦ, да простите.

(реакција на пратениците)

Е, сега замолувам да причекате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, до 11,20 часот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

(моментално пауза, бидејќи ги чекаат пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, нема потреба веќе да чекаме.

Има збор г. Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Цврсто сум уверен дека граѓаните кои ја следеа вчерашната седница на законодавниот дом, не беа далеку од помислата дека всушност се работи или за седница на која се дискутира интерпелација за министерот за одбрана, или за седница со дневен ред - нова Влада со која едноставно се бара присуство и на претставници на СДСМ.

Што се однесува до првото, колегата Петровски во духот на емисијата "Деновиве пред години", се обиде да не потсети на некои настани од не така далечното минато. Имено, текот на неговата дискусија просто го наведува човек да помисли дека навистина се работи за интерпелација за министерот за одбрана, но оној од претходната Влада на Георгиевски, т.е поранешниот координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ликовен критичар и експерт за култура, но и особено истакнат познавач на одбраната, особено нејзиниот финансиски дел.

Аргументите на колегата Петровски јасно индицираа за кого всушност тој говори. Се споменаа некои пари без банкарска гаранција, расипани конзерви и ред други работи да не набројувам.

Но ако сакаме реално да се потсетиме за тој период, веројатно колегата Петровски сакаше да зборува за еден друг период во кој се непобитни два факти:

Прво, претходната Влада на Георгиевски, ја пропушти шансата за воен одговор во почетокот на кризата. Период кога имаше само еден изолиран проблем кај Танушевци. Тогаш се наслушавме дека се работи за ловечки приказни, потоа дека се работи за непријател со високо суфистицирана техника, за што со слика не уверуваше и државната телевизија. Да не заборавваме дека во тоа време Меѓународната заедница со својата поддршка стоеше зад нас и веројатно зад очекуваниот воен одговор. Нерешителноста на Владата на Георгиевски во тој момент го продуцираше конфликтот кој подоцна се пренесе на поголем број подрачја.

И второ, тоа е период кога Министерството беше осиромашено буквално до коска. Период со низок морал на војниците и старешинскиот кадар, со мноштва серии од која секоја со астрономски цифри. На тоа не ни укажуваат само медиумите, или како што милува да кажува Петровски само опозиционите медиуми, туку

самиот премиер, лично. Имено, тој ги уверуваше граѓаните на Република Македонија, дека не се работи за проневера на три, туку на тринаесет милиони марки.

Од друга страна ситуацијата на теренот зборуваше за превземањето на големите воени дејствија од страна на албанските терористи. Верувам дека сите ќе се сложиме со едно, превземањето на Министерството за одбрана во тој момент беше всушност посигнување на врел костен. За државата во тој момент беше потребен човек кој ќе се одликува со одговорност, храброст, но во исто време и рационалност. Карактеристики кои ќе придонесат во решавањето на воениот конфликт со политички средства, без нови жртви и додатни разурнувања.

Скршениот морал беше заменет со нов дух, со нов систем на вредности со концепт каде наскоро пожртвуваноста и упорноста на многу луѓе ги надминува тесните партиски интереси и кои имаа една единствена цел, да е избегне граѓанската војна, да се поразат ретроградните сили, да се зачува територијалната целовитост на Република Македонија. Сите ќе се сложиме со тоа дека тоа е постигнато.

Сепак пред нас се наоѓа точка на дневен ред за распуштање на Собранието и определување на датумот за предвремените парламентарни избори. Секако како што е ред поткрепено со соодветно образложение од предлагачот.

Вчера имавме можност да слушнеме и уште една интересна теза. Имено, предлогот за распуштање даден само да се покрие неажурноста на потписниците на Договорот од Охрид или нивната заборавеност да покренат таква иницијатива. Иако напишано, очигледно од формална природа, или народски реда-ради, во образложениeто се наведени и неколку факти и вистини. 0диме по ред.

Со распуштањето на Собранието и предвремените избори прво, ќе се овозможи успешна работа на Собранието, ќе се придонесе за обезбедување на мирен развој на граѓанското општество и *ќе се* поттикне развојот на демократијата во Република Македонија, Образложение: кое сигурно би го навеле и 90% евентуално анкетирани граѓани, бидејќи на сите им е јасно дека Собранието како законодавна институција со своето однесување придонесе за сопствениот најнизок рејтинг во конкуренција со другите останати државни институции.

Вакви седници кои како што нагласи вчера г. Гошев, треба да претставуваат формалност, бидејќи се имплементираат некои веќе потпишани договори. Но од тука се претвараат во фарса, во залудно трошење време, нерви и буџетски пари.

Одржувањето на предвремените избори е предвидено со Рамковниот договор. Но, истовремено претставува нужна потреба и логичка последица на неспособноста на претходната Влада на Георгиевски да се справи со кризата. Како што споменав на почетокот во моето излагање, вчерашната седница наликуваше и на кандисување на СДСМ да се врати во Владата, под заедничко мото за национално единство. Еден од најчесто употребените термини на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, употребуван или злоупотребуван во секоја ваква или слична прилика, се повикува на национално единство на заеднички настап, или пак можеби тоа е повик за некоја борба, можеби. И колку погласно и почесто пратениците од ВМРО-ДПМНЕ го нагласуваат овој термин, толку повеќе на површина се појавуваат активности кои немаат ама баш никаква врска со никакво национално единство. За какво национално единство се залагаат најдобро се гледа од нивните настапи, говори, на пример овде во Парламентот. Кога ВМРО-ДПМНЕ бил во Прилеп, метеоролошките услови биле поволни, или СДСМ е против народот, бидејќи се залага за акциза од 0%, ВМРО-ДПМНЕ, е за народот, бидејќи бара истата да биде 7,5%, или СДСМ го кочи донесувањето на Законот за земјоделие ако каже дека пензионер не требе да заврши средно школо за да може да обработува нива која му останала во наследство од дедо му.

Ова се малку примери од работата на ова Собрание.

Сличен обид за афирмација и практикување национално единство имаше и во рамки на Владата. Не знам по кои критериуми, но за ВМРО-ДПМНЕ, национално единство и кога премиерот не сака да го прими вицепремиерот г. Филиповски, на договорен состанок, на кој би се дискутирале мерки за справување со кризата, па сигурно г. Филиповски не горел од желба да се сретне со премиерот и да разговара за неговата поезија.

Сигурно не е национално единство кога МВР се повлекува од координативното тело за справување со кризите, кога се иницираат инциденти пред важни мировни средби, и изврсни разврски.

Не е национално единство, кога координативното тело неможе да стапи во контакт со одговорните лица од Електростопанство, за да се поправат дефектите на електричната мрежа во кризните подрачја.

Не е национално единство, кога се минимизираат акциите на безбедносните сили, се фабрикуваат афери, се импутираат невистини. Едни се на браникот на Татковината, а некои други на големо вршат купопродажни активности, доведувајќи ја земјата на работ од економски колапс, воедно промовирајќи нов тип на криминал во Република Македонија, во светот познат како воено профитерство или економски тероризам.

Зарем е национално единство, кога ќе се издаде дозвола за втор мобилен оператор, надвор од сите, не само правила на игра, туку и закони, кои се донесени во ова Собрание, додека целото внимание на јавноста е свртено кон кризните региони. Факт е

дека во паузата за здравицата по повод оваа зделка се прогласи националниот авиопревозник, со цел ВМРО-ДПМНЕ да се обезбеди од непредвидени ситуации, како што е на пример распуштање на Собранието или уште полошо, пад на Владата на Георгиевски.

Дали националното единство се практикува кога претпријатија во стечај, купуваат економски гиганти, а оние пак поскромните, само акции и по некоја помала фирмичка. Тука веројатно може да се најде мотивот за одложување на изборите. Имено, со замената на германската марка во евро, многу новопечени во последните три години милионери ќе го загубат тој ентитет, па ќе им биде потребно дополнително време да го повратат истиот. Можеби не е национално единство, но сигурно ќе биде нова економска појава која заслужува место во книгите за економија и инвестиции, купување и инвестирање во капитални објекти за време на војна. Така, поранешната Печатница Гоце Делчев" ќе се трансформира во замашна партиска централа, која сепак претставува израз на рационално единство односно еднаква шанса и грижа за сите. Тука е најмалку важно што се уништи единственото Детско игралиште во таа околина, за да се обезбеди место за паркирање на луксузниот возен парк, за моторите од 30.000 марки, не гледам место, но сепак тоа не е тема на денешната седница.

Ваквите примери за привлекување на национално единство ги има во секојдневниот живот. Во интерес на времето ќе наведам само еден и еден од последнита.

Имено, некои поединци националното единство го практикуваат преку вперување пиштоли во членови на СДСМ и изигрување каубојци по скопските кафулиња и дискотеки. Непобитен факт е дека СДСМ уште на самиот почеток беше education дециден дека влегувањето во Владата на Георгиевски е со ограничено времетраење, со многу конкретна цел, да е намали опасноста од меѓуетничката војна и поделба на Македонија. Потоа треба да се оди на фер и демократски избори. Тоа драги колеги не е дел од Рамковниот договор, како што беше нагласено вчера, туку е дел од Договорот за формирање на широката коалиција.

Во овој момент прашањето за предвремени избори е клучно за иднината на Македонија. Уште една лакрдија од избори дефинитивно ќе ја смести Македонија во земјите кои поимот демократија е само мисловна именка. Како контрааргумент, вчера слушнавме дека доколку се закажат предвремени избори, истите ќе требало да ни ги организира ОБСЕ, а тоа било знак дека сме држава протекторат. Длабоко сум убеден дека претходната теза не е последица на овој Рамковен договор, туку на резултатот на погрешното сфаќање за демократија и за тоа како се организираат избори во времето на Владата на Георгиевски.

Почитувани колеги пратеници, во последно време како резултат на постоењето на широката коалиција слушаме и се направи обид да се изедначи ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Истовремено некако упорно се наметнува тезата дека нема шанси за подобра и попросперитетна иднина за Македонија и нејзините граѓани. Се наметнува тезата дека се е црно, се е готово.

Почитувани колеги, никогаш СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ доколку не беше оваа криза не ќе можеше да влезат во заедничка коалиција. Постојат милион разлики меѓу нашите две партии, и концепциски и програмски. Ќе споменам само неколку.

Решителност - во клучните моменти да се реагира како што треба, согласно интересите на сопствениот народ и држава кои недвосмислено се ставени над личните и партиските.

Одговорност за постапките кон сопствениот народ и држава.

Конструктивност, безусловно вложување на сите расположливи ресурси без никакви предрасуди и со апсолутно чесни намери.

И пред се, принципиелност. Да господа, принципиелност. Тоа не е кога на тајно гласање гласате за, а на јавното изјаснување после точно 49 секунди гласате против. Принципиелност не е е кога ќе ја пофалите опозицијата за нејзината конструктивна улога, како што тоа го стори премиерот за време на Косовската криза, па потоа ќе и кажете дека пофалбите биле само "удирање на четки". Принципиелност е кога ќе признаете пораз на фер избори, кога ќе кажете дека ќе бидете секогаш тука за да му помогнете на својот народ и да ги пребродите и да помогнете во најтешките моменти. Принципиелност е кога ќе кажете дека ќе влезете во Владата со единствена цел, враќање на државата на вистинскиот колосек, а потоа кога ќе успеете во тоа да ја напуштите власта и да побарате ново изјаснување на граѓаните.

Затоа, почитувани колеги, време е за избори, време е државата да ја поведат решителни, конструктивни, одговорни и принципиелни луѓе, луѓе кои можат да ја променат сликата за Македонија, како пред нејзините граѓани, така и пред светот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за г-ѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, На ваков предизборен митинг на кој се изразени многу лаги и инсинуации апсолутно немам намера да одговорам. Добро е што новиот пратеник вежба, заради тоа што ќе му треба за изборите, како и нам впрочем бидејќи ќе одиме на избори. Меѓутоа, основно што сакам да кажам, ако се залага за такви избори на кои што тој ги доби изборите, на кои излегоа 1.200 односно 1.600 граѓани со цел да влезат во ова Собрание, се разбира дека ќе бидат промашени избори, затоа што нема ниту еден пратеник од мнозинска листа на ова Собрание кој што влегол под 7.000, 8.000 или 10.000 гласови на едни фер и демократски избори. А за да влезат во Собранието луѓе кои можат да соберат потписи како на една поголема селска свадба и вака да држат изборни митинзи, веројатно тоа Собрание нема да биде легално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Партиите постојат за да одат на избори, за разлика од некои кои се плашат СДСМ никогаш не се плашеше да излезе и пред граѓаните да го покаже својот рејтинг, и да го провери својот рејтинг во било кој момент. Но на овие избори за кои сакаше да зборува г-ѓа Марковска ВМРО-ДПМНЕ не излезе со свој кандидат, туку се прикриваше зад некои други кандидати и нив ги поддржуваше. Само СДСМ имаше храброст да го провери својот рејтинг во најтешките моменти, во време кога Рамковниот договор само што беше потпишан и ја доби довербата на граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ица Шекеринска, процедурално.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, јас мислев вие ќе реагирате заради тоа што сметам дека не само што не е коректно туку апсолутно е против сите правила еден пратеник да го доведува во прашање легитимитетот на друг пратеник. Можеби овде сме дискутирале околу легитимитетот на еден сериозен број градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ, сме зборувале и за легитимитетот на претседателот на оваа држава, меѓутоа, се додека не излезете со податоци околу тоа дали одредени избори биле фер и демократски и дали се спроведувале согласно со процедурата апсолутно немате никакво право да доведувате во прашање легитимитет на одреден пратеник чиј што мандат сме го верификувале и мислам дека претседателе вие тоа треба да им го укажете на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Да не зборувам за тоа дека можеби легитимитетот на пратеник кој што е избран на директни избори со мнозинство некаде од 87%, колку што се сеќавам од излезените, толку колку што излегле е далеку поголем отколку мандатот на многу пратеници од пропорционалната листа на ВМРО-ДПМНЕ, за кои што никој не ни претпоставуваше дека ќе влезат во ова Собрание и кои што практично претпоставуваа имиња кои ја пополнуваа листата. Така, ако важат правилата дека овде сме сите еднакви, тогаш мислам дека прво самите ние треба да го почитуваме тоа правило. Ако важат некои поинакви правила, променете ги правилата, па ќе дискутираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, ова е сугестијата на г-цата Шекеринска јас да одбијам вакви приговори за легитимитетот, Меѓутоа, гледате цел ден вчера се дискутира за тоа дека ние имаме легитимитет цело Собрание, сите пратеници итн., итн., и дека цела листа е. Вие сега зборувајќи за неоправданоста на овој приговор, со што се согласувам сосема, кажувате дека цела листа нема легитимитет.

Ве молам, тоа што го барате од другите сами почитувајте го. Тогаш има смисла да интврвенирате, има смисла да работиме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само се обраќам до вас да се држите до Деловникот. Јас не знам по кој основ и дадовте на г-ѓа Марковска да му реплицира на г. Макрадули кога воопшто не беше спомената. Ако веќе тоа не е превид, ако тоа правило го примените на оваа седница во текот на денешниот ден тогаш јас барам до крај да се држите до тоа правило или на почеток да го ограничиме на начин на кој бара деловникот. Да се јавуваат за реплика само оние кои директно се спомenати, а во име на пратеничките групи координаторите, меѓу нив и замениците, да не би личеле седниците без возен ред, да има нвкаков ред барем.

Мојата сугестија молам, инсистирам на некој начин да и обрнете внимание г. претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро да продолжиме.

Има збор Ризван Сулејмани.

(некој пратеници бараат збор)

Доста со реплики.

(и понатаму некои пратеници бараат збор)

Веќе една имаше, доста е. Ќе си земете збор, ќе си кажете и за изборите. Подобро е така да направиме.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратениици, Денеска ние расправаме за еден многу демократски чин на секој еден Парламент кој држи до демократијата и до правилата на игра што значи добивање на легитимитет во непосредни и директни избори. Кога би ме прашале мене дали во овој момент треба да имаме предвремени избори искрено да ви кажам би можел да набројам сто причини за денеска да има предвремени избори, но нажалост уште толку причини имам да кажам дека во овој момент во Република Макеоднија сепак не се исполнети сите предуслови за да имаме фер и демократски избори. Кои се тие аргументи кои укажуваат на тоа дали во Република Македонија треба да има избори.

Република Македонија изминатите десет месеци, или 12 ќе бидат, живее во ненормални услови. Се случи војна, некој вели револуција, некој вака или онака ја нарекува, но факт е дека во Република Македонија се случија крупни промени. Во секоја една демократска држава во вакви крупни промени кога се случуваат во државата најнормално и најдемократски е пратениците, лидерите, политичките партии кои учествувале во таквите крупни промени во државата ќе го испробаат својот легитимитет пред народот. Уште повеќе дури таква една обврска произлегува и од главните носители на овие промени т.е. од четирите лидери на најголемите политички партии во Република Македоднија кои сами се изјаснија, дури со потпис во присуство на меѓународниот фактор дека по завршувањето на кризата Република Македонија ќе

треба да иде на нови избори. Фактот што дека Република Македонија во предвиденоиот тајминг, во предвиденото време не успеа да ги заврши односно сите превземени обврски да ги реализира не значи дека таа како обврска...

(реагирање на некои пратеници)

Господине претседателе, ве молам создадете услови за работа.

(претседателот ги предупредува пратениците)

Фактот дека Република Македонија односно носителите, тие кои што најодговорни беа за спроведување на тој Рамковен договор не се придржаа кон тајмингот и обврските, тоа не значи дека тие можат и оваа обврска да не ја реализираат. Напротив токму од тие причини мислам дека најбитно е една ваква обврска превземена и потпишана ќе мора еден ден да се реализира.

Но никогаш да не ги заборавеме обврските. Мислам дека е време секоја политичка партија да излезе на говорница, посебно координаторите на пратеничките групи и да кажат јас не гласам, опстојуваме на потпишаниот документ и дека ќе ги подржат сите тие реформи, без оглед на нивната позиција во моментов, дека тие преземаат обврска за наредните два или три месеци. За колку, мислам дека можеме да се договориме, а можеме да се договриме со заеднички напори да ги направиме овие промени, да ги донесеме овие закони, иако со тоа не завршуваат нашите обврски, затоа што секој од нас знае дека дел од обврските продолжуваат дури и после истекот на мандатот на овој Парламент. Нам ни претстои напорна работа ако сакаме Република Македонија да ја сведеме на држава која што ќе значи перспектива и иднина пред се за граѓаните на РМ, во држава која ќе отвори пат и простор за поголема интеграција во регионот и во Европа, затоа што само тоа ни е шанса. Секоја друга алтернатива, секое играње со разно разни предизборни кампањи ќе ја води РМ во пропаст. Знам дека секоја политичка партија постои и е за избори. Знам дека кога денес веќе зборуваме за предвремени избори никој како пратеник политичар не може а да не биде под пресија на тие идни избори и се користи секој момент Н9што кажано што се промовира , односно како популарно го нарекуваме маркетинг, но мислам дека одговорноста е поголема од маркетинг , поголема од опстојување односно не опстојување на политичка сцена. Одговорноста денес е дали ќе опстоиме во градење на демократска Република Македонија, способна да ги изврши реформите, крупните реформи, способна да го прооди патот кон интеграциите во Европа и во НАТО. Само една таква Валда и само еден таков Парламент кој над се и пред се ќе ја има одговорноста спрема државата, а не своите

лични и партиски интереси ќе биде способна РМ да ја извлече од кризата.

Според тоа, да бидам уште еднаш појасен. Постои можност, има шанси, само треба малку поголема волја ,да се најде општ консензус и за превремените избори и за датата кога ќе се спроведуваат и за обврските кои ни престојат како ќе ги реализираме во наредниот период, а јас мислам дека многу блиску сме до тоа, само ни треба уште малку волја и напор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Томислав Стојановски и Александар Пандов не се тука.

Г-ѓата Ѓулистана Марковска дали повторно сака да земе збор?

Не.

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, денес расправаме втор ден по Предлог одлуката за распуштање на Парламентот, чиј иницијатор е претседателот на Собранието, со одлука, со образложенија кои беа искажани овде, но како една од најбитните причини за распуштање на Парламентот се обврските од Рамковниот договор. Тоа е причина број еден, за другите не би сакал многу да дискутирам, бидејки единствена причина мислам дека е токму оваа и токму за тоа денес дебатираме. На почетокот сакам да кажам, ако сме сериозни политички партии и ако сме учесници во еден договор кој што е потпишан од страна на 4 еминентни лидери, 4 најголеми партии во Република Македонија, сметам дека оваа точка не би требало апсолутно да биде дискутабилна.Како што ги преземавме сите обврски од Рамковниот договор, една од тие најкрупните беа уставните промени, така би требало и оваа одлука да ја прифатиме без некоја посебна дилема и нормално да ја изгласаме и да помине онака како што е предвидено во самата Предлог одлука. Меѓутоа, да потсетам дека текстот на одлуката гласи - распуштање на Парламентот со денот на усвојувањето, што би значело избори некаде од 27 јануари 2002 година и тоа е обврска од Рамковниот договор, односно тој термин е предвиден во истиот.

Сакам да кажам една работа. Од сите дискусии кои ги слушнавме и вчера произлезе еден очигледен јасен став дека скоро за ниедн аполитичка партија која е потписник на овој Договор, на Рамковниот договор, овој термин и оваа дата се неприфатливи. Се наведоа многу причини. За СДСМ, според дискусијата н анивниот координатор, една од основните причини е пролонгирањето на изгласувањето на уставните амандмани и аналогно на тоа би требало и овој рок да се пролонгира за 28 февруари. Причините за другите политички партии се безбедносната

состојба и т.н. Но сакам да кажам, ако веќе се дискутира за Предлог одлуката, треба по неа да дискутираме и да се изјасниме токму по неа. Значи, од сето она што го слушнав произлезе

дека е ставот на сите политички партии ист, што значи оваа одлука е неприфатлива. Сега се потврдува и она за кое беше критикуван можеби и претседателот на Собранието или барем тој си ја зема вината на себе во својата дискусија кога кажа за што се е виновен, меѓутоа , фактичката состојба е токму таква. Ние имавме Рамковен договор, тој Рамковен договор се проби на неколку пати, поточно обврските и одредбите од Рамковниот договор беа пробиени најмалку на три места. Прво е преамбулата, амандманот IV, кој надвор од Рамковниот договор го измени текстот и дојде еден нов текст за кој што имавме овде разни полемики, втората работа беше амандманот VII и третата работа беше врзана со роковите и со безбедносната состојба, која во текот на тоа изгласување се одвиваше во РМ. Кој се за тоа е винове, јас не би рекол дека е само претседателот на Собранието, имаше тука многу фактори, меѓутоа, факт е дека Рамковниот договор во овие три сегменти и овие три дела не е испочитуван онака како што е потпишан. Сега, аналогно на тоа се поставува прашањето зошто би требало овој термин или оваа одредба од Рамковниот договор апсолутно да биде прифатлива и овде сите да ја прифатиме и гласаме. Значи, не е и чудо , ако може три пати да се пробие Рамковиот договор, зошто да не и четири пати.

Ова го зборувам од аспект на тоа што , барем ставот од она што го слушнав е таков на сите политички партии. За поднесениот амандман на СДСМ не би сакал да дискутирам, бидејќи ова е претрес по Предлог одлуката. Кога ќе дојде на дневен ред амандман тогаш ќе дискутирам и за таа работа.

Искрено да кажам, мотив ми беше да се јавам од оваа говорница затоа што од одредени колеги се испушти една теза и се спомна една работа коај не беше многу вкусна , со констатација дека сите пратеници, а особено ние од ВМРО-ДПМНЕ , пред се основна цел и основна желба ни е да ја зачуваме фотелјата до крајот на мандатот и дека сите можни варијанти ќе ги употребиме и сите можни средства ќе ги искористиме за да ја оствариме таа цел. Дури се спомна неодговорноста на Парламентот, дека овој Парламент правел многу опструкции во својата работа и т.н.

Јас сакам да кажам за она што се спомна, односно во образложението не пишува дека ВМРО-ДПМНЕ сака по секоја цена да седи во овие фотелји и за тоа би сакал да продискутирам. Би сакал да кажам една работа, а ова особено се однесува на колешката Шекеринска. Ниту ни била цел ниту имаме желба, барем јас лично да седам во овие фотелји, зашто барем според вашиот исказ се стекна впечаток дека фотелјата на пратеникот е многу слатка и многу добра и дека таа дава само привилегии и да не речам убави моменти во животот. Меѓутоа, втората димензија не се спомна и не се кажа не е баш така дека фотелјата на пратеникот е толку убава. Сепак требаше да се спомне дека таа е и доста одговорна, а сведоци сме токму ние како пратеници во овој мандат во овие три години , што буквално во овој мандат видовме се и сешто и богами не беше лесно да се издржи да се биде пратеник и да се гласа онака како што се гласа, па некогаш и надвор од својата желба. Тоа е едната работа, но би сакал да кажам дека на крајот на краиштата човечки и природно е човекот да се бори за одредена позиција која ја стекнал и тоа е човечка работа. Тука не би можел да обвинам никого дека некој сака, се бори да остане на она место каде што е, особено ако го имаме предвид аспектот во кое време живееме и каде се наоѓаме и токму тоа е мотивот еден неограничен број на кандидати да се јавуваат кога доаѓаат избори за пратеници, па мака мачат и лидерите на партии и партиските тела да изберат кој од нив би бил кандидат. Токму тоа е потврдата, ако е ова некоја функција која не е толку пожелна, тогаш би бил обратен процес, не би можеле да најдеме кандидати да ги кандидираме за пратеник. Искрено да кажам , после сето ова што го изработи овој парламент, после сето она што не чека во иднина, ако денес се распуштиме и им го оставиме на наредните што би дошле, искрено се надевам дека тешко ќе најдеме кого ќе кандидираме да седне во овие клупи и да ги донесе оние работи кои што ние ги започнавме, а не ги довршивме со Рамковниот договор. Значи тоа е таа природна работа.

Колешката Шекеринска може да зборува од тој аспект дека некој сака да си ја зачува позицијата пратеник до крајот на мандатот, ако го зборува тоа од сопствен аспект, бидејќи нејзината позиција пратеник е добиена на пропорционална листа и со оглед на таа функција која ја има во партијата нејзиното место како пратеник е загарантирано и во наредните, можеби уште сто години, не е битно, во зависност од векот на живеење, се дотогаш додека СДСМ ќе ја предлага.

Но, не е умесно да се разговара за еден пратеник и за еден колега, кој што излегол на мнозинска листа, кој што се изборил да стане пратеник со голем труд и така лесно да може да донесе одлука, од денеска сам си давам отказ и оди си, нормално, од оваа позиција во која си, значи, тоа е човечки. Зборувам од човечки аспект, не зборувам од политички аспект.

Инаку, кога, колешке, мислам се обрнувате на оваа лева страна, не е лошо да се свртите и малку назад каде и во вашите редови има некои колеги кои се на мнозинска листа и искрено кога би ги прашале, ако веќе се чувствува онаа човечка искреност, сигурно не го фатиле да си донесе сам отказ. Искрено, кога некој така би реагирал, не би сакал да именувам, тоа е така. Е, сега, тие се, кога сепак се дискутира за распуштање на Парламентот пред рокот кој е предвиден, пред мандатот, јас колеги не коментирав кога вие

зборувавте и сега во ред е да ме сослушате, значи, кога станува збор за оваа точка на дневен ред, кога станува збор за распуштање на овој Парламент, нормално е дека првиот фактор кога секој еден пратеник треба да гласа како што гласа, доаѓа она човечкото во него. Значи, дали сам себе да си дадам отказ така лесно или сепак требало да размисли. Јас мислам дека преовладува она второто, борбата на човекот да си ја зачува позицијата до крај. Ако станува збор за еден политички договор или за една политичка желба или волја, јас кажав и на почетокот, ако е тоа во Рамковниот договор како што е предвидено, треба да го испочитуваме и да ја гласаме денешната одлука. Но, факт е, кажавте вие, мислам вашиот координатор, дека поради пролонгирањето на усвојувањето на амандманите, треба да се пролонгира и ова. Значи, идентичен е ставот на сите политички партии кои што учествувавме при потпишувањето на Рамковниот договор дека оваа одлука ваква каква што е предложена, не е прифатлива. Тоа е втората работа.

Инаку, самиот чин на предвремените избори, значи самата категорија за која што денеска ние дискутираме, не е нова во ова Собрание, мислам не го слушнавме, ова е апострофирано уште многу поодамна, така што можеби би згрешил да ги анализираме колку години, меѓутоа, тоа е еден подолг период го слушаме тој термин предвремени избори, па имавме референдум за предвремени избори, наместо локални избори итн. Така што, оваа работа е толку амортизирана, меѓутоа, сега само формата е нова. Цело време опозицијата на чело со СДСМ прокламира предвремени избори на Република Македонија, различни се само причините. Меѓутоа, мотивите се тие. Што побрзо да имаме избори, а претпоставка е дека само така би се вратиле побрзо на власт. Една од тие модели на доаѓање на до предвремени избори, беше токму и формирањето на широката коалиција. Широка коалиција, откако претходно ништо друго не успеа, па се измисли модел дајте сега широка коалиција, голема коалиција, влада на национално единство и се друго мислам што асоцира на некоја коалиција каква што имавме, на некоја влада, која по мене лично и тогаш и сега, можам да кажам дека е чист промашај, работа која ниту тогаш беше одржлива, а праксата покажа дека наместо да имавме корист имавме повеќе штета. Наместо да покажеме единство покажавме раздвојување. Влада, во која што најмалку имаше 4 премиери, влада во која не знам колку министри, зависно секој од својот сегмент, фактички, никој со никого да соработува и дали е тоа перспективата односно дали е тоа владата, која треба да ги даде сите онид решенија кои беа наметнати.

Се поставува прашањето дали таа влада фактички, владата на широката коалиција ја оствари целта за која што и беше формирана или токму и беше целта да дојде до ова што денеска овде дискутираме. Јас сум најубеден дека целта на широката коалиција на таа влада беше токму што побрзо да се дојде до парламентарни избори предвремени. Еден од условите кога се преговараше и договараше да се формира коалиција, беше токму тоа, или ќе има предвремени избори, или нема да ја формираме широката коалиција. Сега се поставува прашање пак каде е тука државниот интерес или националниот интерес и она што се прокламира понатаму. Фактите го потврдија дека во Република Македонија завладеа мирот, дека денеска имаме мирна состојба, дека ги имаме сите територии ослободено, Македонија е тотално интегрирана, немаме бегалци, мислам го потврдуваат фактичките и реалните состојби на теренот и како мотив и како причина од тоа произлегува дека СДСМ и нема потреба да седи во Владата, бидејќи благодарејќи на него сето ова дојде во најдобар ред, заради тоа што ние како ВМРО-ДПМНЕ бевме тие одговорните што ја предизвикавме кризата. И, ако не дојдеше СДСМ, можеби којзнае што ќе се случеше во оваа држава, а благодарение на него воспоставивме мир и денеска е се идеално во Република Македонија. Значи, нема пукање, немаме бегалци итн.

Меѓутоа, фактичката положба кажува сосема друго. Еве и денеска, барем по пат ги слушав вестите и денеска односно сношти експлодирала некоја бомба во Тетово, претходно исто така, слушаме дека состојбата сеуште е онаква каква што во целиот изминат период била, што значи далеку е од тоа да можеме да зборуваме за мир, за некои територии во кои нашата полиција односно нашите безбедносни сили можат да ја регулираат безбедноста на граѓаните односно да ја гарантираат итн. Значи, апсолутно состојбата до ден денеска е непроменлива, освен што имаме еден, на некој начин, кревок мир, кој што можеби се одржува еве до ден денеска од разни причини. Меѓутоа, факт е она што широката коалиција го направи, можеби која причината и за нејзиното формирање, покрај она за предвремените избори, фактот е тој дека благодарение на нејзе, ние единствено нешто што сработивме е тоа што го сменивме Уставот. Или, теза, нели, токму покажавме дека во овој случај, бидејќи тоа беше приоритетно прашање, произлезе дека најверојатно генератор во кризата на Македонија, бил токму тој. А, сето ова другото остана споредна работа.

Ова го зборувам, затоа што очигледно е и колку ние сега да мудруваме и колку некој да кажува дека не е така, очигледно е дека доколку утре или на 27 јануари, како што предвидува оваа одлука, ако ние спроведеме избори, тие избори апсолутно нема да бидат одраз на едни демократски избори и нема да бидат избори како што некој сакаше да ги направи.

Да не заборавиме, една од приоритетните задачи при формирањето на широката коалиција беше да се обезбедат праведни и легални избори. Меѓутоа, во една ваква состојба, при вакви услови за кои праведни, за кои легални избори можеме да зборуваме, кога во десет, ако не и повеќе посто од територијата на Република Македонија немаме апсолутна контрола. Што, аналогно на тоа значи дека најмалку можеме да избереме 15 пратеници, фактички, не е тоа само во критичниот регион, безбедносната состојба во целата држава е на некој начин, со оглед да е состојбата нарушена, во ниедно друго место не е стабилна, за да можеме да спроведеме избори, така како што некој ги замислил и такви какви што треба да бидат, демократски и фер.

Затоа, не треба да се апострофира и да се кажува дека еве некој не е за избори и наоѓа измислици и не знам што, само за да не се одржат изборите, туку еднаш треба да согледаме дека вистинската состојба е токму таа на теренот. Инаку, кажав на почетокот, а и сега ќе кажам, ако станува збор за договор, ако станува збор за сериозни луѓе, сериозни партии, треба уште сега веднаш да ја изгласаме одлуката.

По однос на позицијата далит треба избори да имаме на 28 февруари, мислам на распуштање на Парламентот, а избори во април, тоа е прашање кое е дискутабилно и кое прашање не се решава, колега Поповски со амандман. По мене, мислам дека тоа прашање треба да се реши онака како што се решава прашањето за 27 јануари во Рамковниот договор. Поточно да се изгради консензус помеѓу партиите, да се седне и да се разговара и ако се договори, бидејќи тоа е отстапување од Рамковниот договор и ако се договори помеѓу оние фактори, кои што го предвиделе рокот во Рамковниот договор, овој кој што е сега да дискутираме и не е проблем да се поднесе и тогаш или на 28 февруари, или пред 28 февруари да се поднесе една ваква предлог одлука, од која обврска тогаш би била на оние кои го потпишале Рамковниот договор. Јас дури сметам дека и во овој случај, требаше предлагач на оваа одлука да биде еден од потписниците на Рамковниот договор или сите потписници.

Затоа, мислам дека не треба да се фрла одговорноста или сомнежот дека ВМРО-ДПМНЕ и пратениците се по секоја цена за останување во Парламентот, туку нека се изгради еден консензус, онака како што се изградило за до 27 јануари, искрено кажувам дека во тој случај нема да правам никаков проблем и апсолутно ќе ја поддржам таа одлука.

Инаку, ако лично станува збор за мене, јас сум спремен и ова денеска да го поддржам, доколу постои, пак ќе кажам, консензус помеѓу сите фактори кои учествуваме овде. Меѓутоа, тоа не го слушнав и не го почувствував од ниеден колега.

Затоа, ќе завршам оваа предлог одлука ваква каква што е предложена во овој момент, како за сите други, така и за мене, е неприфатлива. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никола Поповски бара реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мене ми е навистина жал што г. Караџовски толку многу дискутираше, осврнувајќи се на одлуката на СДСМ и на мене, меѓу другите и на Шеќеринска, меѓутоа, јас би му препорачал на г. Караџовски поубаво да ја погледа одлуката и да ја види нејзината насловна страна кога ја критикува одлуката од дното на душата. Имено, господине Жарко Каракџовски, одлуката не сум ја предложил јас на ова Собрание да ме критикувате мене за тоа што пишува во одлуката. Ако имате забелешки на одлуката, повикајте се на предлагачот, тоа не е Никола Поповски, тоа е Стојан Андов и сите критики соопштете ги нему. Повикајте го да ја повлече одлуката, повикајте го да ја измени, кажете му дека не е добра, дека има проблем со одлуката, дека има маани. Меѓутоа, не го разбирам системот со кој вие дискутиравте, на кој цело време инсистирате дека предлагач на одлуката е пратеничката група или некој од СДСМ, па ме повикувате и мене дека одлуката не чинела. Ако одлуката не чини, соопштете му го тоа на предлагажот. Ние не сме предлагачи на одлуката. Така што, сите критики од агол на тоа кој, како, зошто, во какви услови ја поднел одлуката до овој Парламент, вклучувајќи го и предлагачот, кој ни кажува дека не е време, а ја поднел одлуката, упатете му ги нему. Сите критики на наше име од тој агол се неприфатливи, освен ако вие немате намера денеска до пет саат да дискутираме по одлукава, па после да се објави...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Господине Поповски, јас мислам дека бев многу јасен кога зборував, меѓутоа, не знам колку вие мене ме слушавте, со оглед што цело време вртевте по документацијата која што ја имате пред вас, и воопшто не кажав дека сте вие предлагачи. Јас мислам дека добро апострофирав кој е предлагачот и дури ве повикав и мислам дека сите овде слушнаа, кажав дека ме чуди зошто е предлагач токму претседателот на Собранието, зошто не е еден, но сите или сите оние потписници кои беа учесници во потпишувањето на Рамковниот договор. Вас г. Поповски ве спомнав само од еден аспект, бидејќи како координатор на пратеничката група на СДСМ, вие сте потпишани на амандманот, со кој што предлагате изборите да се пролангираат со оваа одлука за која што зборуваме, да се одложат со одложен рок за 28 февруари. Од тој аспект зборував за вашата позиција.

Инаку, да ве потсетам, вие во вашата дискусија апсолутно ја поддржавте оваа предлог одлука и кажавте дека за вас е се прифатливо од неа, сето образложение, само не е прифатлив рокот на распуштањето на Парламентот. Сега, незман, или вие добро не слушате, или јас нешто погрешно зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господин Никола Поповски повторно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се слушаме доборо колега Караџовски, ние како пратеничка група на СДСМ предложивме амандман токму за да ја направиме одлуката спроведлива. Ако од разни причини, за што ќе кажам после кога ќе земам збор врз основа на она што г. Андов што вчера го зборуваше, ќе дадам сериозен одговор кој го бојкотирал и Парламентот го довел во ситуација да не може да работи, ние предложивме само една одлука, само еден амандман на одлуката, со кој амандман сите делови од Рамковниот договор кои се предвидени ќе се завршат и после ќе стапи на сила и оваа одлука. Во таа смисла одлуката ќе стане добра. Меѓутоа, ако вие сега сакате некој човек на 50 години да го запишете на факултет е прекасно. Ако сакате човек на 50 години да запишете на факултет е прерано. Треба да го запишете на 15 или на 18 години. Така и оваа одлука, прерано е во јануари, прекасно ќе биде во октомври, зашто по сила на закон ќе биде. Треба амандман со кој ќе се лоцира точно кога и што е договорено кога ќе се завршат другите обврски. Затоа, тој амандман е за да се исправи она што вие го критикувате на наша сметка. Ние не сме во позиција да сме предложиле одлука. Одлуката ја предложил друг. Си има предлагач за таа работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Господине Поповски, јас не кажав во мојата дискусија ни дали е прерано ни дали е предоцна да имаме избори на 28 февруари, јас само кажав дека начинот на утврдување на рокот на предвремени избори не е амандман и тоа не се решава амандмански. Туку, како што сме изградиле став со консензус помеѓу четирите партии или лидерите на четирите политички партии, кои што при потпипшувањето на Рамковниот договор изградиле консензус, предвремените избори да бидат на 27 јануари, така и сега треба сериозно да се изгради еден консензус. Па, дали тоа ќе биде 28 февруари, можеби треба да биде 15 февруари, можеби треба да биде 15 март, меѓутоа треба исто на исти начин и со исти средства, мислам на друг начин, во секој случај со консензус помеѓу четирите потписници на Рамковниот договор, со оглед на тоа што станува збор за пролонгирање на рокот утврден во Рамковниот договор. Значи, не значи дека вашиот предлог, вашиот став со амандман треба да биде апсолутно прифатлив за сите, а за да биде апсолутно прифатлив, треба да се изгради консензус. И, не да се свати она што ние овде го зборуваме како причини, демек, еве сега само ние сакаме да предлагаме, туку да се свати како актуелна состојба и точно и прецизно да се утврди рокот кога би било најпогодно да се направат предвремените избори. А, не да се создава забуна дека ВМРО-ДПМНЕ не е за предвремени избори. Затоа, јас апелирав во мојата дискусија да се изнајде начин, да се изнајде можност повторно да седнат четворицата лидери, затоа што вие слушнавте и од ставот на ДПА и од ПДП дека не се изедначени ставовите со вашиот амандман. Затоа четирите лидери нека седнат, нека договорат еден термин, нека изградат консензус, најмал проблем ќе биде овде дали ние ќе го прифатиме или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно реплики, еве веќе трета реплика на господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, не верувам на физиономијата која ја правите, туку верувам на Деловникот кој ни го дава правото на трета реплика.

Господине Караџовски, ќе го искористам третото право да ви укажам токму на тоа на што ви укажав првиот пат. Вие имате забелешка дека оваа одлука овде е доставена, без претходно да се договори со консензус условите за избори и тоа ни го препишувате нав по повод амандманот. Јас ве повикувам на нешто друго. Тоа што ни го кажувате нам за амандманот, да му го кажете на предлагачот на одлуката дека ја доставил без да изгради консензус помеѓу оние 4 лидери, кои веќе изградија консензус за 27 јануари. Со оглед дека се пробија роковите, потребен е нов консензус. Меѓутоа, вие таа топка ја префрлате на СДСМ дека без консензус предложил амандман. Проблемот е што пред амандманот предложена е одлука од страна на предлагачот г. Стојан Андов со која се утврдува 27 јануари. Тука требаше да поентирате дека господинот Андов без да консултира никого од потписниците, самоиницијативно ја предложил одлуката и не довел во ситуација да нема консензус за таа работа. Откако веќе ја утврдивте со мнозинство гласови на дневен ред одлуакта, нас не ни остана ништо друго, освен да интервенираме амандмански. Ако се повлече одлуката, на што гледам дека вие инсистирате, тогаш би било добро да се бара консензус за изборите, дали ќе биде април, дали ќе биде мај, дали ќе биде март итн. Меѓутоа, да не обвинувате нас дека без консензус сме дале амандман, а да не го гледате другото, значи, трагата ја гледате, мечката не ја гледате, а тоа е деке е поднесена одлука, која исто така нема консензус и таму треба да ја насочувате критиката. Ние само се обидуваме, тоа што е во одлуката направено како блеф, за да не се донесе одлуката, да го исправиме со амандман. Е, сега можеби не очекувате ако тој што предлага одлука не бара механизми на консензус, сега ние да трчаме поради тоа со амандманот да бараме консензус. Вашата критика е насочена кон оној кој ја поднел одлуката и кој не ги прашал 4-те големи лидери на партии во овој Парламент, дали се согласуваат со тоа. Со оглед дека не ги прашал и дека играл на картата не прашани дека ќе пропадне одлуката, сега таа ќе пропадне. Ние се обидуваме само нешто да исправиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Карацовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Господине Поповски, јас бев јасен и кажав дека не е мојата цел да се повлече одлуката, но јас кажав оваа предлог одлука од тој што ја предлага, јасно и гласно кажав дека за неа ќе гласам против ако дојде на гласање. Но, друга е работата. Да ве прашам вас како координатор на СДСМ, зошто вие чекавте, еве денеска е последниот ден од утврдениот Рамковен договор, зошто вие до ден денеска не поднесовте предлог одлука. Имате право, не ви смета тоа што некој друг поднел предлог одлука. Во секој момент имате право и вие да поднесете предлог одлука и наместо една да имаме две предлог одлуки односно да имаме две точки за кои ќе расправаме на иста тема. Тоа не ви смета.

Прашањето е зошто не сте го направиле вие или сите заедно од оние што го потпишале Рамковниот договор, туку тоа прашање го оставивме на некој трет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас да објаснам уште еднаш.

Нас ни е даден Рамковниот договор и во него оние кои го парафирале и кои го потпишале убаво знаат дека стои обврска Собранието да донесе одлука која ќе овозможи на 27 јануари да се одржат изборите. Од каде ми мене право да вршат ревизија на таа усогласена одлука ваша? Од каде ни право да ве повикам на разговор овде дали вие тоа што го птопишавте и го парафиравте нема да вреди. веќе, туку ајде седнете со мене, јас не го признавам тоа таму, туку еве да се договараме со вас. Јас морам да ви кажам. Во принцип не прифаќам да договарам нешто што е договорено. И тоа што е договорено во присуство на странци, со сите нишани, со сите потписи, со сите парафи. Г. Никола Поповски си парафирал таму, ни рече да го зграбчиме целиот Рамковен договор, е сега нешто не ни се зграпчуваше, истеравме да се промени, а ова го зграпчивме и ви го даваме. Ако ви е жешко и не ви чини кажете, седнете договарајте се слуге, ќе ја повлечам веднаш одлуката. Само ако вам ви фали вие да се договорите и ако мислите дека неможе тоа, туку ќе се договорите, во овој момент ќе ја повлечам одлуката. Навистина.

Јас тоа сметам дека е обврска на Собранието, јас го претста-вувам Собранието, таму убаво стои дека немам јас право да преговарам , да се измени тоа, туку да се спроведе тоа. Тоа е. Никој друг не пред-лага, има луѓе што парафирале, има луѓе што потпишале, имаат најмногу пратеници, имаат пратенички групи и ќе и стојат мирно. Ете,тоа е.

Има збор г. Наќе Стојановски.

Се извинувам за реплика се јави Г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам на вашето излагање реплика Г. Андов, и би сакал да го соопштам следново.

Прво, Рамковниот договор не е собраниски документ и врз основа на тоа никој не ви дава право ниту вие имате право да го претставувате Рамковниот договор затоа што не бевте вклучени ниту во процесот на преговорите, ниту во процесот на договарањето на политиката која Рамковниот договор ја зацрта. Вие во тој процес немавте ништо. Вие сте претседател на Собрание, меѓутоа Рамковниот договор е Договор на четири политички партии, кои вие не ги претставувате и од тој агол ниту учествувавте во договарањето во политиката за иднината на РМ , ниту бевте дел од таа политика. Се разбира дека во тој Рамковен договор вас ви се дадоа некои задачи да ги спроведете и таа улога ќе си ја преземете сакале или не, и веќе ја преземавте со уставните амандмани, а ќе ви следат и уште. Тие политики произлегуваат од волјата меѓу другите и на СДСМ, а за вас ќе станат обврски кои треба да ги спроведете во Собранието кога ќе дојдат како инструменти од државните органи.

Меѓутоа, пред да дојде државниот орган Рамковниот договор никого не обврзува да пакренува иницијативи вон од потписниците на Рамковниот договор, па во тие рамки вие не треба да се прекршите од брзање да го понудите тоа што вие немате обврска да го спроведете. Вие Рамковниот договор не го претставувате, го претсеавувате Собранието само во случај кога Собранието ќе донесе некоја одлука. Пред да донесе одлука Собранието вие вашето мислење не значи дека е легитимно за да го претставува Собранието. Вие можете да го претставувате Собранието за оние работи за кои имате овластување и за кои донело одлука Собранието да ги спроведувате во рамките на вашите надлежности во комуникацијата. Меѓутоа, да го претставувате Собранието за недонесени одлуки немате право , или имате право, да не земам други имиња најмалку или најмногу колку и мене. Инаку јас не треба да претпоставувам, знам дека Рамковниот документ што го предлагате овде не е ваша иницијатива, вие сте само еден вид на модератор, да го употребам тој збор, за да го остварите тоа овде што се случува. Меѓутоа, она што сакам да го кажам е следново.

Не ве видов по некои други работи да се претргнете да ги оств рите роковите од Рамковниот документ, како што сега се претргнувате во вид на блефалиби да ги спроведете рамковните договори во делот на неостварливите делови. Очигледно имате еден систем кога има нешто што треба да се оствари тоа да не остварувате, а кога нешто што неможе да се оствари и доаѓа на ред заради претходно неостварените работи брзате да го остварите, се разбира со цел да нема избори, ниту се сомневав дека вие од таа позиција што ја имате ќе сакате предвремени избори, за што претпоставувам дека после тоа нема да бидете на таа позиција.

Во врска со обвинувањето за тоа кој,како и пкго зборував за Рамковниот договор јас дозволете да го прочитам стенограмот, мој личен

од 19 септември, тоа е пред месец ипол од прилика, во една дискусија по повод Нацртот на амандманите на Уставот на РМ. Само да потсетам дека колку што знам вие и оние кои што сега обвинуваат и нашата пратеничка група гласавме исто за Рамковниот документ. Така да од тој агол ако мислите дека нешто не чини и сега ја префрлувате одговорноста на друг, а нешто што чини ќе си го препишете на себе дека тоа не е така.Само да го цитирам она што се случило на 19 септември во првата фаза од расправата по Нацртот на амандманите, мој стенограм од излагањето. "СДСМ ги повикува сите оние кои се компетентни", тоа се четирите претседатели на големите партии во Парламентот и Г. Трајковски заедно со Меѓународната заедница, "повторно да најдат можност да се сретнат и да понудат ново решение ова е расправата за преамбулата на Уставот, "и тоа ново решение ако е прифатливо за сите во кое ќе учествуваме и ние и тн."

Понатаму, повикуваме да се најде ново решение за амандманот за преамбулата со цел да се постигне решение кое ќе биде прифатливо за сите и во кое ние ќе учествуваме. Да не читам сега 20-тина страни амандман.

Значи, тоа што вие сакате да го оспорите и се разбира дека ќе го оспорувате до крајот на овој собраниски состав е ваше право, меѓутоа јас би сакал да споменам уште нешто.

Верувајте дека ако не беше СДСМ и ако се разбираше вашето разбирање на работите секое одложување ќеносеше повеќе жртви и повеќе киднапирани лица. Ние успеавме тој процес да го запреме токму со делот на уставните преговори во кој учествуваа четири партии, и на крај ги изгласаа тие четири партии. АКО ја прифатевме филозофијата ваша дека тој дел не треба да се менува и дека тој дел треба да остане така тогаш веројатно ќе прифатевме и одговорност за нешто што се случуваше многу после тоа, да има нови жртви и нови киднапирања на кои попусто им ветувавте дека нема ништо да промениме, а на крајот сепак го променивте тој став што им го ветувавте на роднините на киднапираните.

Ако поминаа пет минути, тогаш ќе продолжам во друга прилика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас воопшто не реков дека ќе го претставувам Рамковниот договор. Јас и не сакам да го претставувам Рамковниот договор. Таа чест ви ја оставам вам, на оние што го парафираа и што го потпишаа. Според тоа, јас не сум го потпишал, ниту сум договарал. Јас носам едно убедување - да сум учествувал јас и други луѓе веројатно тоа ќе беше подруг рамковен договор. Тоа е една работа.

(реакција на некои пратеници)

Тоа сега може да нагаѓаме, ама тоа е мое мислење. Можеби ќе беше полош, а можеби ќе беше и подобар.

Меѓутоа, убаво е да се читаат стенограмите, ама да се прочитаат правите. Прочитајте го од 31 август стенограмот да видиме каков беше вашиот став по тоа.

Според тоа, немојте, цело време сум изложен на напади од вас како го кочам процесот на имплементација. Вчера ви објаснив, пак ќе ви објаснам.

(реакција на некои пратеници).

Точно е тоа што вели Г. Зибери. Точно е тоа дека јас кога ми го дадоа Рамковниот договор и Г. Робертсон овде бараше од мене за 30 дена да се измени Уставот, а 45 дена незнам што уште му кажав -јас тоа неможам да го спроведам. Нема да го спроведам. Прво, оружјето ќе го соберете и ќе се распуштат бандите, терористи. Тоа му го кажав. Знам дека ви го скршив кеифот и некои од вас ме напаѓаат многу силно зошто сум презел работа која не ми следува, само исто така и него и вас ви кажав веднаш сменете ме, најдете си човек веднаш да ви го спроведе рамковниот договор како што е, нека си го зграпчи целиот. Е, меѓутоа тоа не го направивте така. Не го направивте, зошто ме обви-нувате сега? Не го направивте така. Инаку, оваа болка рак да ја завр-шам, а вие да си го спроведувате Рамковниот договор многу ни одговара оваа моја нелегитимност да го претставувам Рамковниот договор. Затоа ја повлекувам Предлог одлуката, а вие договорете се и направете си. (аплауз од некои пратеници)

Ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши со работа во 12,30 часот).